




1. ОПШТИ ОДРЕДБИ

2.ОСНОВАЊЕ, РЕГИСТРАЦИЈА И ПРЕСТАНОК НА ПОЛИТИЧКИТЕ ПАРТИИ

3.ФИНАНСИРАЊЕ НА ПОЛИТИЧКИТЕ ПАРТИИ

4.КАЗНЕНИ ОДРЕДБИ

5.ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

## 1. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој закон се уредува начинот, условите и постапката за основање, регистрирање и престанок на политичките партии.

Член 2

Политичките партии според овој закон , се оние организирани групи на граѓани кои се залагаат за учество во власта.

Член 3

Граѓаните слободно основаат политички партии со цел:

-да ги остваруваат и заштитуваат политичките, економските, социјалните, културните и другите права и уверувања на своите на своите членови и учествуваат во процесот на донесување на политички одлуки и

-да учествуваат во постапката за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија и одборници во собранијата на општините и Собранието на Град Скопје.